


„Во овие историски моменти, кога опстанокот на нашата татковина е доведен во прашање заради грубо надворешно мешање во внатрешните работи во земјата, ние Македонците од Канада изразувајќи длабока загриженост за случувањата, го повикуваме македонскиот народ и другите етнички заедници во земјата на единство, а политичките партии на разумно однесување заради заштита на унитарноста на државата“ – стои во декларацијата на македонската заедница од Канада испратена на 2 април од пред парламентот на Провинцијата Онтарио кој се наоѓа во срцето на   неколку милионскиот канадски град Торонто.

Пред насобраниот македонски народ обоен во боите на татковината најнапред беа инторинари македонската и канадската национална химна, по што следуваше обраќањето на Соња Павловска која во име на организаторот на протестот-Македонската заедница од Канада потсети на славното македонско минато, уште повеќе осврнувајќи се на последните случувања во Македонија.Протаставрофор Трајко Босеовски пред присутните ја пренесе загриженоста на Светиот Синод на Македонската православна црква-ОА во врска со актуелните случувања во Македонија.



